09-361/4
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжение на 6-та седница одржана на 12.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-361/1 од 24.01.2024 година против службеното лице ----------, надворешен член на Советот при Институт за ------------------------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК заклучи дека е констатирана повреда на член 44 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, но поради застареност на прекршокот не може да се поведе прекршочна постапка, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-361/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива на колегиум на ДКСК, одржан на ден 28.12.2023 година, согласно член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, според кој Државната комисија отвара предмети по сопствена иницијатива.

Имено, по извршена проверка на поднесениот образец Изјава за интереси од страна на лицето ------------- со бр. 09-9435/1 од 23.11.2022 година, Државната комисија утврди дека лицето покрај тоа што ја врши функцијата надворешен член во Советот при Институтот ----------- во исто време ја врши и функцијата член на -------------, по што вака констатираната состојба е спротивна на член 44 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Со цел проверка на податоците пријавени во образецот Изјава за интереси од страна на лицето --------------, ДКСК се обрати до наведеното лице со Известување и барање на информација бр. 09-361/2 од 06.02.2024 година, во врска со тоа дали лицето сеуште ги извршува наведените

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

функции и доколку ги извршува/има престанок, за да се доставаат актите за избор/именување или разрешување од извршување на споменатите функции.

Доставен е одговор од страна на лицето ------------- на ден 06.03.2024 година со кој лицето известува дека сеуште ги врши двете функции, надворешен член во Советот при Институтот за ------------- и функцијата член на Совет за ------------------, за што како доказ се доставени Решенијата за именувања на споменатите функции.

По утврдување на фактичката состојба, ДКСК заклучи дека од страна на службеното лице --------------- е констатирана повреда на член 44 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, бидејќи лицето -----------, покрај тоа што ја врши функцијата надворешен член на Советот при Институт ----------------, во исто време ја врши и функцијата член на Совет за ---------------, но поради тоа што се поминати две години од денот кога е сторен прекршокот ДКСК не може да поведе прекршочна постапка, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси поради утврдена повреда на одредби од овој закон од страна на наведеното лице, ДКСК ќе ја извести Владата на Република Северна Македонија, како надлежен орган за именувања на лицето ------------- на функциите член во Советот при Институтот ---------------- и член на Совет за -------------.

Согласно член 24 став (2) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, надлежниот орган е должен по известувањето на ДКСК за утврдената повреда на одредби од овој закон, писмено да ја извести ДКСК за преземените мерки во рок од 60 дена од добивањето на известувањето.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р С.М– советник
Контролирал: К.З - раководител
Одобрил: м-р Ц.Р - член на ДКСК